Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалник на Општина Центар-Скопје**, на ден 27.08.2014 година, донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ДУП Градска четврт З 11-локалитети Буњаковец 1 и Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје ,** плански период 2014-2019 што се носи согласно Програма за урбано планирање „Ф" на Општина Центар-Скопје за 2014 г. бр.07-8894/2 од 26.12.2013 година ,донесена од Совет на Општина Центар(Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр.19/13), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Центар-Скопје.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ДУП Градска четврт З 11-локалитети Буњаковец 1 и Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, плански период 2014-2019, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: имајќи ги предвид сите просторни,технички и функционални карактеристики како и фактот дека планираните градби во третираниот простор, во голема мера, со намена се исти како и постојните функции и намени, како и фактот дека за околните ДУП-ови претходно се добиени мислења според кои не постојат основни индиции дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и на просторот во непосредната околина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-2728/7
27.08.2014, Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Андреј Жерновски**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ 1